Проект: „Активно учество во намалување на младинската невработеност кај Ромите“

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА МЛАДИНСКАТА НЕВРАБОТЕНОСТ КАЈ РОМИТЕ ПРЕКУ ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ОПШТИНА БИТОЛА (2018-2020)

**Проектот е имплементиран од:**

МКЦ Младински Културен Центар - Битола

Баирска Светлина

**Проектот е финансиран од Европската унија.**

Проект: Активно учество во намалување на младинската невработеност кај Ромите

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА МЛАДИНСКАТА НЕВРАБОТЕНОСТ КАЈ РОМИТЕ ПРЕКУ ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ОПШТИНА БИТОЛА (2018-2020)

Битола,
2017 година

Содржината на овој документ е единствена одговорност на партнерите во пректот и на ниеден начин не може да ги одразува гледиштата на Европската унија.

# ПРЕДГОВОР

Проектот **,,Активно учество во намалување на младинската невработеност кај Ромите во општина Битола”** е поддржан преку грантовата шема на проектот „Заедно за успех: млади претприемачи, движечка сила за добри меѓуетнички односи". Двата проекти се финансирани од Европската унија, преку програмата ИПА (Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014). Проектот предвидува изработка на стратешки документ на локално ниво.

Стратешкиот документ ги идентификува приоритетните предизвици со кои се соочува општината Битола во делот на социо-економска инклузија на младите Роми во современите текови на живеење преку менување на начинот на размислување и нивна ориентираност кон претприемништвото. Во креирањето на овој документ се наметна потребата од вклучување на различните засегнати страни: општина Битола, Универзитетот Св.,,Климент Охридски” - Битола, Регионалната стопанска комора, невладините организации: Младински културен центар - Битола, Баирска светлина, Волвокс, Европска гледна точка, како и Агенцијата за вработување од Битола кои преку конструктивни мислења, дискусии и пренесени искуства во голема мера придонесоа да се подигне квалитетот во изработката на овој документ. Ваков стратешки документ од областа на претприемништвото кај младите Роми е прв на локално ниво и претставува скромен обид во насока на подобрување на состојбата со невработеноста кај оваа етничка заедница од општина Битола.

Тимот што работеше на изработката на овој стратешки документ ја изразува својата благодарност до сите оние кои го дадоа својот придонес во неговата подготовка.

Автори:

Проф. д-р Моника Марковска
Доц. д-р Божидар Миленковски

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ... 5
1. ВИЗИЈА И ГЕНЕРАЛНА ЦЕЛ ... 8
2. МЕТОДОЛОГИЈА ... 11
3. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ... 13
4. СОСТОЈБАТА НА МЛАДИТЕ РОМИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА ... 17
5. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ... 25
5.1. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ ... 26
5.2. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ ... 26
5.3. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ ... 27
6. СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА ... 29
7. АКЦИСКИ ПЛАН ... 30
7.1. Приоритетна област 1 ... 30
7.2. Приоритетна област 2 ... 31
7.3. Приоритетна област 3 ... 32
8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 34
9. ЗАБЕЛЕШКИ ... 35

# ВОВЕД

Во рамките на проектот: **Активно учество во намалување на младинската невработеност кај Ромите во општина Битола**, кој е дел од програмата „Заедно за успех: млади претприемачи, движечка сила за добри меѓуетнички односи", финансиран од Европската Унија преку програмата ИПА-Инструмент за граѓанско општество и медиуми, Младинскиот културен центар – Битола во соработка со Баирска светлина, почнаа соработка за креирање на првата локална стратегија за намалување на невработеноста кај младите Роми преку претприемништво во општина Битола. Оваа иницијатива доведе до формирање на поширока група засегнати страни кои со своето знаење, искуство, експертиза и дискусии беа директни учесници во подготвувањето на овој стратешки документ. Засегнатите страни го фокусираа своето внимание кон поттикнување институционална соработка меѓу граѓанските организации и локалните власти на полето на младинската невработеност кај Ромската заедница преку развој и стимулирање на претприемништво. Ваквите напори имаа за цел да придонесат за демократизација и активно учество во креирањето локални политики и подобрување на условите за младинската вработливост кај оваа етничка заедница. Оваа иницијатива доби форма на консултативно-партиципативен процес со следните активности: спроведување на теренско истражување, креирање и функционирање на меѓусекторска работна група, организирање на работилници и консултативни форуми, обука за застапување и лобирање за млади Роми, изработка и усвојување на стратешки домумент од страна на Советот на општина Битола и промоција на стратешкиот документ.

На првата работилница експертскиот тим ја претстави својата улога и го опиша целокупниот концепт на проектот заедно со очекуваните резултати. Од страна на експертите беа презентирани добиените сознанија од истражувањето, методологијата, пристапот и роковите кои ќе се користат во подготовката на локалната стратегија. Работилницата предизвика голем интерес кај засегнатите страни кои учествуваа со свои идеи, мислења, дискусии и со пренесени искуства. На втората работилница засегнатите страни дискутираа околу принципите и целите на локалната стратегија и притоа беа поставени стратешките приоритети кои беа во функција на: а) создавање на услови за развој на претприемништвото кај младите Роми; б) идентификување на можностите за претприемачко учење кај Ромската заедница; в) поддршка на иницијативи за подигнување на свеста за значењето на претприемништвото кај младите Роми. Се поставија основните цели, насоки и мерки на стратешкиот документ, за кој, понатаму преку организирање на форум следеше јавна

дискусија. Форумот беше организиран со цел да се презентираат почетните активности во подготовката на Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола. Консултативниот процес на засегнатите страни продолжи и на наредни работилници чија цел беше да се конкретизираат одредени предлог мерки, како и да се изработи финалниот документ. Особено е важно да се истакне потребата јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор да преземат одговорност во реализација на визијата и предвидените акции, бидејќи успехот зависи од обврзаноста и колаборацијата на сите засегнати страни.

Во Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола се земени во предвид и резултатите добиени од истражување спроведено на целна група млади Роми на возраст од 18-29 години во општина Битола. Општина Битола има одговорност да одговори на предизвиците со кои се соочуваат младите Роми во Битола, првенствено на недостатокот на нивно учество во процесот на креирање на политики и донесување на одлуки на локално ниво и дискриминацијата со која секојдневно се соочува оваа група на млади луѓе. Младинскиот културен центар – Битола во соработка со Баирска светлина се подготвени да помогнат во изградувањето на системски пристап и преземање на акции кои ќе им помогнат на младите Роми да станат поконкурентни на пазарот на труд, што во крајна линија треба да им го олесни патот до нивното вработување. Локалната стратегија, заедно со Акцискиот план вклучува активности преку кои младите Роми ќе можат полесно да се интегрираат на пазарот на труд.

Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола ги опфаќа аспектите кои се однесуваат на економскиот развој и образованието, со цел тие да се стекнат со претприемачки вештини и ставови кои ќе ги зголемат нивните аспирации. На овој начин, ќе можат целосно да го изразат својот потенцијал без разлика на нивниот работен избор во иднина. Стратешкиот документ треба да обезбеди структура и фокус на претприемништвото кај младите Роми во општина Битола. Деталите од акцискиот план на овој документ се прикажани во точка 7 (Акциски план). Акцискиот план го разработува терминот претприемништво преку холистичкиот пристап, во насока да изгради вештини и да ги подготви младите Роми за нивната иднина. Овој термин ги вклучува сите претприемачки активности и сите типови на организации: јавни, приватни и непрофтини. Акцискиот план интегриран во Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите го покрива периодот од 2017-2020 година. Стратешкиот документ се заснова на ставот дека треба „да се креира и развие релација меѓу претприемништвото и образованието" како клучна акција

за економски развој и социјална инклузија на оваа маргинализирана група. Во основата на Акцискиот план е интегрирана визијата: „да се развијат ефикасни и претприемачки ориентирани млади луѓе од ромска националност во општина Битола, кои ќе имаат активно учество во сопствениот социјален и економски успех". Претприемачкото патување на младите луѓе започнува од зголемување на нивната свесност, кон негување на позитивни ставови, учење на претприемачки вештини и нивно практикување, без разлика дали имаат свој бизнис или се вработени кај друг. Вештините, знаењата и искуството што ќе го стекнат низ нивното претприемачко патување претставуваат вредна инвестиција во нивниот живот, без разлика дали ќе основаат сопствен бизнис или ќе работат во јавниот, приватниот или граѓанскиот сектор. Младите Роми имаат потреба од стекнување на динамични претприемачки квалитети преку кои ќе можат да го изразат својот целосен потенцијал во професионалната и кариерна ориентација. Една од силните страни на стратешкиот документ е поддршката и соработката со партнерите во општина Битола. Општина Битола покажа подготвеност за поддршка на изработка на ваков стратешки документ кој промовира градење силни личности ориентирани кон претприемништво и градење на силна претприемачка свест.

Поради очигледниот факт дека Ромската заедница претставува една од најмаргинализираните заедници во општина Битола, се наметна потребата од креирање на системски решенија за подобрување на статусот на Ромската заедница и поттикнување на социјална, културна и политичка инклузија на Ромите која што ќе им овозможи ефикасен пристап во областите каде што се ранливи. За да се постигне оваа цел, стратешкиот документ нуди системски солуции, во чија основа е втемелен ставот дека претприемништвото може да се научи и претприемачите може да се создадат.

# 1. ВИЗИЈА И ГЕНЕРАЛНА ЦЕЛ

Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите во својата основа се фокусира кон постигнување на визијата:

***"Општина Битола да биде град со високо развиена свест и дух за претприемништво помеѓу младите Роми со цел да им обезбеди одржлив социо-економски развој и благосостојба".***

Визијата претставува витална основа на напорите на вклучените засегнати страни и ги ополномоштува да истражуваат, да преземаат иницијативи и да покажат цврста детерминираност за успех на стратешкиот документ. Визијата создава услови што им овозможува на младите Роми да се стекнат со способности за реализација на нивните идеи и успех. Визијата е она што ја создава и поддржува претприемачката култура, како клучна компонента која се споделува меѓу луѓето кои создаваат и креираат норми, очекувања и обврски и ги дефинираат политиките на општина Битола. Младите Роми треба да бидат главната движечка сила и енергија за остварување на оваа визија. Ако се тргне по патот на претприемништвото, соочувањето со подеми и падови е неизбежно, затоа потребно е енергија, упорност, истрајност и издржливост. Младите Роми претприемачи можат да бидат носители на мотивацијата што е потребна во општина Битола.

Визијата сама по себе ја истакнува потребата од развој на претприемачки квалитети кај младите Роми преку институционална поддршка и соработка со засегнатите страни на локално ниво. Тоа значи, дека претприемништвото претставува начин на живеење, без разлика на етничка, верска, полова или старосна припадност. Всушност, претприемништвото може да се научи и да се користи. Претприемништвото не се однесува само на младите луѓе кои започнуваат сопствени бизниси, туку ги вклучува и претприемчивите млади кои се оспособени и компетентни да им помагаат на другите кои веќе имаат и/или започнуваат свој сопствен бизнис.

Во контекст на тоа, **генералната цел се однесува на**: Подобрување на социјално - економската положба на младите Роми во општина Битола преку образование за претприемништво и поттикнување на претприемачкиот дух.

Основните принципи врз кои се темели Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола се:

**1. Промовирање на социјална инклузија.** Локалната стратегија како стратешки документ е заснована на повеќедимензионалниот концепт на социјална инклузија што овозможува на ранливите групи и лица можности и ресурси неопходни за вклучување во економскиот, социјалниот и културниот живот што ќе придонесе кон благосостојба и достоинствен живот во иднина.

**2. Примена на целен пристап за промоција на младинското претприемништво кај младите Роми од 18 до 29 години**. Локалната стратегија исто така содржи конкретни мерки и активности кои се фокусираат кон приоритетната област вработување на младите Роми што ќе овозможи нивна интеграција на пазарот на труд, само-вработување и претприемништво.

**3. Почитување на разликите**. Локалната стратегија е заснована на почитување на различностите на ромската популација и истите ги смета како граѓани на општина Битола, кои се интегирани или прават напори да се интегрираат во современите текови на општественото живеење.

**4. Промоција на концептот на социјално претприемништво**. Во стратешкиот документ е застепен и концептот на социјалното претприемништво како начин на мотивација на младите Роми да придонесат за нови социо-економски користи за нивната заедница. Овој концепт може да им овозможи развој на нови знаења и вештини кои младите Роми може да ги стават во функција на постигнување подобра конкурентност на пазарот на труд. Социјалното претприемништво се разгледува како иновативен концепт за намалување на ризикот од сиромаштија, поттикнување на претприемништвото и промоција на социјалната економија како ефективен инструмент за интегриран развој на младите Роми.

**5. Подигнување на свеста за полова рамноправност**. Тргнувајќи од фактот дека жената Ромка се соочува со социјална исклученост и дискриминација што ја доведува до маргините на општеството, постои зголемена поддршка и свест за нејзино активно учество во социјалното, економското, културното и политичкото делување како основа за поуспешна инклузија во општественото живеење.

**6. Претприемничка култура и иновации**. Локалната стратегија се фокусира на описменување на младите Роми со претприемачки знаења и вештини. Тоа значи поттикнување и негување на претприемачкиот дух, претприемчивоста, како и нивна подготовка за подобра конкурентност на пазарот на труд.

**7. Претприемачко учење на младите Роми**. Стратешкиот документ ќе овозможи подобрување на вештините за вработливост на младите Роми, оспособувајќи ги со претприемнички компетенции, со цел да се развијат во креативни, проактивни и претприемачко едуцирани граѓани.

**8. Зајакнување на соработката меѓу засегнатите страни во функција на подигнување на свеста за значењето на претприемништвото**. Развојот на Локалната стратегија е заснована врз меѓусекторска соработка на засегнатите страни на локално ниво, идентификувајќи ги клучните области и предизвици со цел да се најде одржливо решение за намалување на невработеноста кај оваа ранлива група на млади луѓе.

**9. Развој на вештини и компетенции кај младите Роми за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд**. Документот акцентот го става на вештините за вработиливост како резултат на формалното и неформалното образование. Нивното оспособување за преземање иницијативи, преземање на ризик, препознавање на можностите и иновативност ќе им помогнат во секојдневниот живот и работното делување.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола претставува стратешки документ со основна цел зголемување на вработливоста на младите Роми преку претприемништво и поттикнување на претприемачкиот дух. Изработувањето на овој стратешки документ ја наметна потребата од примена на методологија, заснована на партиципативно- консултативен процес. При изработката на стратешкиот документ активно учество зедоа претставници од општина Битола, Агенцијата за вработување, експерти- професори од Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола и преставници на граѓански организации. Методологијата за развој на Локалната стратегија се состоеше од следните фази:

***1. Теренско истражување***, спроведено на целен примерок млади Роми од 18-29 години кои живеат во општина Битола, со цел да се видат нивните мислења и ставови за претприемништвото.

***2. Фаза на подготовка*** која започна со воведни работни состаноци помеѓу координаторите на процесот, експертскиот тим и претставници на Локалната самоуправа на општина Битола чија цел беше да се договори развојниот процес на изработката на Локалната стратегија пред засегнатите страни. Во исто време, беа направени анализи на релевантни стратегии, јавни документи и извештаи, како и добиените резултати од истражувањето за да се обезбеди стабилна основа за изработувањето на документот.

***3. Се формира меѓусекторска работна група*** составена од претставници на релевантни граѓански организации, институции, претставници од Совет на општина Битола и претставници од Локалната самоуправа на општина Битола. Оваа група реализира повеќе работилници каде активно се дискутираше за приоритетните области, вработување на оваа ранлива категорија на млади луѓе, како и поставување на основните цели и принцпи на стратешкиот документ.

***4. Партицпативни консултативни форуми*** на кои обезбедија поголема јавност на процесот и можност за вклучување на поголем број на засегнати страни.

Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола се состои од јасно дефинирани стратешки цели, специфични цели и активности, дефинирани рокови за имплементација, извори на информации, корелација со други

стратешки документи, како и потребните финансиски ресурси за имплементација на локалната стратегија. Изработката на стратешкиот документ обезбедува систематска поддршка од страна на вклучените засегнати страни, како и колаборативна средина која овозможува зголемување на свеста, значењето и улогата на претприемништвото и претприемачкото учење како основа за намалување на невработеноста кај младите Роми од општина Битола.

Овој стратешки документ е заснован врз детално истражување, анкетирање на заегнатите страни, работилници на меѓусекторската работна група и два консултативни форуми. Главни предизвици за успех на Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола се:

1. Обезбедување на поддршка од страна на сите засегнати страни во реализацијата на предложените мерки и активности по приоритетни области.

2. Степенот на одговорност кој ќе се покаже од страна на сите засегнати страни во текот на реализацијата на Акцискиот план.

3. Ограничени финансиски ресурси, човечки ресурси и време.

4. Градење на свест за значењето на претприемништвото кај оваа ранлива категорија на млади луѓе.

5. Креирање на програми за развој на претприемачкото учење соодветни на потребите на оваа категорија на млади Роми, кои ќе ги одразуваат реалните потреби на пазарот на труд.

6. Заложби за вклучување на бизнис секторот да учествуваат во реализацијата на Локалната стратегија.

Имплементацијата на Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола ја наметнува потребата од силна посветеност на креаторите на политики во општина Битола, едукаторите, активистите и други кои поседуваат знаење, вештини и компетенции за да ги подготват младите Роми да станат конкурентни на пазарот на труд и притоа да изградат подобра иднина за себе и своите семејства. И на крај, важно е да се истакне дека претприемништвото е начин на живеење, кое може да се научи и практикува од страна на младите Роми.

# 3. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

На национално ниво, Република Македонија сака и настојува да се развива во насока на општество во кое граѓаните независно на која етничка заедница и да припаѓаат ќе се чувствуваат безбедни и ќе имаат еднакви можности за личен развој и напредок. Основни документи со кои се гарантира правото на делување и унапредување на положбата на ромската популација на на национално и локално ниво се следните:

1. Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020;
2. Декларација за унапредување на положбата и правата на Ромите;
3. Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија;
4. Законот за спречување и заштита од дискриминација;
5. Законот за Комитет за односи со заедниците;
6. Закон за локалната самоуправа;
7. Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност;
8. Законот за работните односи;
9. Стратегија за локален развој на општина Битола 2014-2018;
10. Стратегија за претприемачко учење во Република Македонија 2014-2020;
11. Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020;
12. Национална стратегија за млади на Република Македонија 2016-2025;

***Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност*** во член 1-а го потенцира уставно загарантираното право на работа и забраната за дискриминација при вработувањето, на следниот начин: „Секој има право на пристап до вработување, без какви било ограничувања, согласно со принципот на еднаков третман, утврден во Законот за работните односи и во другите закони. Согласно со принципот на еднаков третман, забранета е дискриминација при вработување по основа на брачен статус, семеен статус, боја на кожа, пол, јазик, политичко или друго убедување, активност во синдикати, национална припадност, социјален статус, инвалидност, возраст, сопственост, општествен или друг статус“.[1]

Законот утврдува активна улога на Агенцијата за вработување во процесот на вработување на невработените лица. Од друга страна пак,

[1] Закон за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност (пречистен текст), Службен весник на Р. Македонија, бр.112 од 25.07.2014 година, преземен од www.pravo.org.mk

податоците на невработеност кај ромската популација, со фокус на младите Роми е навистина загрижувачка. Бројот на вработени припадници на ромското малцинство е околу двапати помал во споредба со неромската популација. Недостигот на можности и зачестеноста на невработеност се уште повисоки кај Ромките; речиси седум од десет Ромки кои бараат вработување не се вработуваат, додека, пак, кај неромските жени „само" околу три од десет се невработени. Четири од десет Роми мажи кои бараат вработување не се вработуваат, додека, пак, кај мажите што не припаѓаат на ромското население бројот е две од десет лица што бараат вработување Исто така, платите што ги добиваат Ромите се пониски во споредба со оние што ги добиваат припадниците на неромското население. Мажите Роми во просек заработуваат околу две третини (67%) од она што го заработуваат мажите од неромската популација. Жените Роми се двојно обесправени: една Ромка просечно заработува пола (50%) од жената припадник на неромското население и нешто повеќе од 40% од средната плата на мажите од неромското население. Етничката поделеност и разликите во полот во однос на заработувачката се поголеми кај жените Роми; кај неромската популација средната плата за жени е 83% од платата што ја примаат мажите, додека кај ромската популација оваа бројка изнесува 63%. Уште еднаш, дел од објаснувањето лежи во пониското ниво на образование на Ромите, но јасно е дека ова не е целата приказна; просечните плати на секое ниво на образование се пониски за Ромите отколку за неромското население.[2]

Република Македонија, како држава, е член на Декадата за вклучување на Ромите (2005-2015) како политички ангажман од европските влади да се подобри социо-економски статус и социјална инклузија на Ромите. Изготвена е и ***Стратегија за Ромите во Република Македонија за периодот 2014-2020*.** Според оваа стратегија постојат околу 120 ромски невладини организации кои целат кон тоа да го подобрат статусот на образованието кај Ромите, и последователно, да придонесат за надминување на крајно неповолната социо-економска ситуација на ромската заедница во Република Македонија. Исто така, треба да се истакне и постоењето на Ромски информативни центри чија работа е навремено да ги информира, советува, упатува и да дава логистичка подршка на граѓаните со цел да ги остварат своите права и обврски од областите на социјалната заштита, вработувањето, здравството, домување и образование, вадење на лични документи и др.[3] Иако постои одреден напредок во однос на подобрувањето на интегрираноста на Ромите во општествените текови, сепак

[2] Ромите и вработувањето во Република Македонија, јануари 2014, стр.10 и стр. 19.

[3] Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија во соработка со националниот координатор на декадата и стратегијата за роми, Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, јуни 2014, стр. 45.

актуелните состојби укажуваат на потребата од продолжување со позитивните трендови и успешното делување и понатаму.

Како едно од можните излезни решенија за подобрување на социо-економската состојба на Ромите, со посебен осврт на младите Роми, е нивното континуирано образование посебно во делот на претприемачко учење со што би биле поконкурентни на пазрот на труд. Во таа насока треба да се спомне **Стратегијата за претприемачко учење во Република Македонија 2014-2020**. Оваа Стратегија беше подготвена од Министерството за образование инаука со поддршка на Европската тренинг фондација. Мисијата на оваа стратегија е:[4]

- Да ги подобри вештините за вработливост на младите луѓе во земјата, што би довело до зголемени можности за вработување на младите;
- Да создаде можности за сите граѓани во земјата да бидат оспособени со потребните претприемачки компетенции;
- Да креира систем за доживотно претприемачко учење;
- Да го зајакне претприемачкиот дух преку начелата за доживотно учење кои би се примениле во сите сегменти на образовниот систем.

Понатаму, во рамките на ***Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020*** се разликуваат два вида на ранливи категории: родови разлики и млади лица.[5] Младите луѓе како ранлива категорија се соочуваат со тежок премин од образованието кон пазарот на труд. Просечното време за премин од завршување на образованието до наоѓање на стабилна работа е 6 години. Покрај тоа, стапката на невработеност на младите лица е околу 50%. Една од причините за ова лежи во фактот дека дел од младите во земјата се надвор и од образованието и од пазарот на труд.

Во овој контекст треба да се спомне и ***Националната стратегија за млади на Република Македонија*** која се стреми кон подобрување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во земјата. Оваа стратегија ги дефинира следните приоритети за дејствување на државните институции и младински здруженија на граѓани:

[4] Стратегијата за претприемачко учење имаше за цел да ја зголеми самодовербата за претприемачките потфати на сите граѓани при што ќе ги оспособи да имаат целосна и ефективна улога во идниот развој на економијата и заедницата. Притоа, процесот на претприемачкото учење бара проведување значителни промени на повеќе докажани/традиционални образовни техники и методи. рограмите што се однесуваат на претприемачкото учење треба да бидат колку што е можно повеќе практично ориентирани и да вклучуваат повеќе партиципативни методи, засновани врз вистинскиот аботен живот, како и методи што ги моделираат или симулираат реалните претприемачки искуства.

[5] Министерство за труд и социјална поитика на Република Македонија, Националната стратегија за работување на Република Македонија 2016-2020, октомври 2015, стр. 58.

1. Социјален развој и социјална интеграција на младите преку квалитетно формално и неформално образование;
2. Економски развој на младите преку младинско претприемништво;
3. Подобрување на квалитетот на живеење на младите луѓе;
4. Активно учество на младите луѓе во јавниот живот и во процесите на донесување на одлуки на национално и локално ниво.

На локално ниво, иако постои ***Стратегија за локален развој на општината за периодот 2014-2018,*** во неа не беше поцелосно опфатена состојбата со младите Роми посебно во делот на нивното вработување. Според националната припадност на населението во општина Битола, припадници на Ромската заедница има 1183 од кои 61 се регистрирани како невработени.[6] Изработен е и локален акционен план на општина Битола во областа вработување, домување, образование, здравство и жената Ромка за периодот 2017-2020, со кој се предвидени повеќе активности за подобрување на социо-економската состојба на Ромите во општина Битола, посебно на Ромките.

[6] Стратегија за локален развој на општина Битола 2014-2018, март 2014, стр. 42 и стр. 19.

# 4. СОСТОЈБАТА НА МЛАДИТЕ РОМИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Република Македонија за Ромите како етничка заедница, има направено позитивен исчекор, како законски регулирана должност и морална обврска. Исто така, и општина Битола не е исклучок, иако се наметнува потребата од зголемен интерес за подобрување на квалитетот на животот кај оваа етничка заедница, со посебен фокус на младите Роми.  Еден од основните предизвици со кои се соочува општина Битола, во однос на младите Роми е да се создадат услови за зголемување на нивната интегрираност на пазарот на труд како лица кои припаѓаат на ризична група на граѓани кои се сиромашни и социјално исклучени. Официјалните податоци според пописот од 2002 година покажуваат дека вкупниот број на Роми кои што живеат во општина Битола изнесува 2613, но, според понови податоци на невладиниот сектор, овој број е поголем и изнесува над 5000. Населбата Баир е составен дел од општина Битола и најголемиот процент на Ромската популација во Битола е концентрирана во оваа населба.[7] Ромската етничка група се соочува со бројни проблеми меѓу кои може да се споменат: ниско ниво на економска активност што предизвикува сиромаштија, зависност од социјална помош од државата, ниско ниво на образование и писменост и сл. Сето ова предизвикува негативна перцепција, стереотипи и предрасуди за Ромите од страна на неромското население, што придонесува тие да се соочуваат со секојдневна дискриминација. Сознанијата упатуваат на фактот дека кога станува збор за решавање на проблемите со кои се соочува Ромската заедница сеуште применлив е традиционалниот пристап. Но, ваквиот традиционален пристап не покажа позначајни резултати, имајќи ја во предвид состојбата на Ромската заедница споредено со другите етнички заедници. Во таа смисла, оваа проблематика не се апсолвира на ефикасен начин, особено во делот на вработувањето и вработливоста кај оваа група на граѓани на општина Битола.

Затоа, преку креирање на локална стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола, треба да се идентификуваат специфичните потреби и проблеми со кои континуирано се соочува оваа етничка заедница, како и полесна интеграција на пазарот на труд на нејзините припадници.

За да се согледа реалната состојба, какви ставови и мислења имаат младите Роми за претприемништвото и што тоа значи за нив, беше направено теренско

[7] Населбата Баир во општина Битола се состои од три дела: Смилевски баир, Централен баир и Петочна вода.

истражување. Истражувањето беше спроведено на дефиниран целен примерок, кој ги опфаќа младите Роми од 18-29 години кои живеат во општина Битола. Во истражувањето беа вклучени 100 млади Роми на возраст од 18-29 години кои живеат во Битола. Основните истражувачки прашања за кои требаше да се најде одговор врз основа на истражувањето беа следните:

- ✓ Кои се основните ставови на младите Роми за започнување на сопствен бизнис?
- ✓ Какви знаења имаат младите Роми од областа на претприемништвото и малиот бизнис?
- ✓ Кои вештини и компетенции им се потребни на младите Роми да започнат свој сопствен бизнис?

Истражувањето наменето за младите Роми, се реализира со цел да се стекнат продлабочени сознанија за нивните ставови и мислења за тоа, *кои се основните и важни* мотиви и демотиватори за започнување на сопствен бизнис, *кои дејности им се привлечни* за отворање на сопствен бизнис, *каква* институционална поддршка им е потребна, *што значи* претприемништвото за нив, *кои и какви* знаења, вештини, компетенции им се потребни на младите Роми за започнување сопствен бизнис, *кои се* бариерите со кои тие се соочуваат, како и *кои* извори на финансирање им се потребни при започнувањето со сопствен бизнис. Истражувањето вклучуваше вкупно 100 испитаници од општина Битола, од кои 78% беа испитаници од машки пол и 22% испитаници од женски пол. Во целниот примерок, структуиран по случаен избор, со запазена возрасна структура, на возраст од 18-29 години, доминира машката популација. Добиените податоци за степенот на образование на испитаниците укажуваат дека од вкупниот број на испитаници, 51% беа со средно образование, 47% со основно образование и само 2% беа со високо образование. Половина од испитаниците беа со средно образование, што е од голема важност за истражувањето, заради идентификување на претприемачките склоности на младите Роми, како можност за решавање на горливото прашање за категоријата на млади луѓе: вработување и/или самовработување.

Многу мал процент 5% беа млади луѓе вработени во приватни фирми и само 2% имаа сопствен бизнис. Најголем дел од испитаниците 93% беа невработени, што недвосмислено ја истакнува потребата за актуелизирање на претприемништвото кај оваа маргинализирана група на млади луѓе, како начин за надминување на овој горлив проблем со нивната невработеност. Ако се има во предвид моменталната општествено- економска ситуација во Р. Македонија и превработеноста во државниот односно јавниот сектор, ова е алармантна состојба со младите невработени Роми што уште повеќе ја истакнува потребата

за поттикнување на младинското претприемништво и размислувањето во насока на започнување на сопствен бизнис кај оваа маргинализирана група на млади луѓе.

Истражувањето обработува податоци кои се однесуваат на осум конкретни аспекти поврзани со мотиваторите и демотиваторите за започнување на сопствен бизнис, дејностите кои ги привлекуваат младите Роми да започнат сопствен бизнис, институционалната поддршка и значењето на претпримништвото, бариерите со кои се соочуваат, потребните компетенции за водење на сопствен бизнис како и изворите на финансирање за отворање на сопствен бизнис.

Основните мотиви за започнување на сопствен бизнис од страна на младите Роми се повисоката плата и заработувачка, со што потполно се согласуваат 71% од испитаниците, додека 29% се согласуваат. Оттука може да се заклучи дека сите испитаници го потврдуваат фактот дека повисоката плата и заработувачка претставува важен мотив при размислувањето за започнување на сопствен бизнис. Според испитаниците, решавањето на егзистенцијалното прашање претставува, исто така, мотив за започнување на сопствен бизнис, со што потполно се согласуваат 42% и се согласуваат 58% од нив. На мотивот (не) еднаквите можности при вработување со другите луѓе во јавниот и приватниот сектор, се добија подисперзирани одговори. Имено, 16% од испитаниците потполно се согласуваат, 71% се согласуваат, додека 13% имаат неутрално мислење. Тоа значи дека младите Роми сметаат дека имаат (не) еднакви можности при вработување во јавниот или приватниот сектор, што ја потврдува потребата од нивна поголема социјална инклузија во општеството. Од аспект на флексибилноста во работното време 91%, можноста да се биде сам свој газда 93%, социо- економското интегрирање во заедницата 93%, подобрувањето на квалитетот на животот на семејството 93% и вмрежувањето и комуникацијата со другите луѓе 96%, позитивно го изразија своето мислење. Всушност, добиените одговори ги потврдија мотивите на младите Роми за започнување на сопствен бизнис.

Во поглед на идентификување на демотиваторите за започнување на сопствен бизнис од страна на младите Роми, структурата на добиените одговори упатува на фактот дека еден од демотивирачките фактори е отежнатиот пристап до финансии за Ромите, со што потполно се согласуваат 98% од испитаниците. Исто така, младите Роми во најголем дел ги демотивира и нестабилната бизнис клима во државата. На ваквото тврдење 27% од испитаниците потполно се согласуваат, додека 73% се согласуваат при што може да се заклучи дека вкупниот број на испитаници сметаат дека нестабилната бизнис клима во

државата претставува една од пречките да размислуваат за започнување сопствен бизнис. Недоволното и несоодветно образование на младите Роми претставува уште еден од демотиваторите на што потполно се согласуваат 22% од испитаниците и 71% се согласуваат. Социјалната исклученост на Ромите, недоволното познавање на можностите што ги нуди претприемништвото, стравот од неуспех, недоволната самодоверба и знаење за реализација на идеите, предрасудите кон Ромите, како и отежнатата комуникација со институциите за најголем процент од испитаниците претставуваат големи демотивирачки фактори кои ги одвраќаат од размислувањето да отворат сопствен бизнис.

Прегледот на дејностите кои се актуелни за младите Роми за започнување на сопствен бизнис во трговија, туризам, ИТ сектор, градежништво и јавен сектор, покажа дека 91% од испитаниците имаат неутрално мислење, што упатува на заклучокот дека младите Роми не размислуваат за отворање на сопствен бизнис во овие дејности. Слична е ситуацијата и со дејноста на образование и наука 89%, занаетчиство 87% и транспорт 89%, додека помеѓу испитаниците како најпримамлива дејност за започнување на сопствен бизнис се комерцијалните услуги. Ова го потврдува фактот што потполно се согласуваат 91% од анкетираните испитаници. Имајќи ги во предвид дејностите што ги привлекуваат младите Роми да започнат свој сопствен бизнис се наметнува потребата да се истражува нивното мислење за потребната институционална поддршка.

Резултатите покажаа дека 93% од младите Роми сметаат дека обезбедувањето на финансиска поддршка е неопходна од страна на соодветните институции како би можеле да започнат сопствен бизнис. Исто така, 76% потполно се согласија дека се потребни даночни олеснувања, како и бизнис поддршка во форма на обуки, конслатинг, опрема и др 76%. Исто така, во делот на информациите за постоењето на програми и мерки за поддршка и развој на сопствен бизнис 78% од испитаниците се согласија се потебни вакви информации. Неопходната институционална поддршка треба да се реализира преку комуникација со релевантните институции кои работат во насока на поддршка на новите бизниси, со што се согласуваат 80% од испитаниците вклучени во истражувањето. Пристапот до знаења за отворање на сопствен бизнис, како и обезбедувањето на обуки за претприемнички и бизнис вештини се исто така неопходни како поддршка од страна на институциите за што се согласуваат 69% од испитаниците. И на крај, значајна институционална поддршка претставува креирањето на претприемничка култура кај младите Роми, што го потврдуваат 76% од испитаниците.

Имајќи ги во предвид сознанијата за мотивите, демотиваторите и дејностите кои се привлечни на младите Роми за започнување со сопствен бизнис, институционалната поддршка треба да биде во насока на обезбедување на потребните знаења во делот на: финансиите, даноците, програмите и мерките за започнување на сопствен бизнис, како и ефективна комуникација со релевантните институции, со цел да се изгради претприемничка култура кај младите Роми.

Еден од значајните аспекти при започнувањето на сопствен бизнис се нивните сознанија за значењето на претприемништвото. Ваквите сознанија треба во иднина да се стават во функција на продлабочување на знаењата од областа на претприемништвото. Така, 96% се согласуваат дека во основа станува збор за реализација на нова бизнис идеја, а 76% се согласуваат дека станува збор за отворање на нов ресторан, продавница и сл., што укажува на потребата од продлабочување на нивните знаења во насока на тоа да се прави разлика меѓу претприемништво и мал бизнис. Интересен е податокот што 64% се согласуваат дека претприемништвото претставува препознавање на можности за самовработување и како начин за излез од сиромаштијата 53%. Дури 83% од испитаниците сметаат дека претприемништвото претставува начин на размислување и живеење но, и вложување на труд, напор и време за да се заработи профит 80%.

Исто така, најголем дел од испитаниците 85% се согласуваат дека претприемништвото значи развој на нови производи/услуги наменети за одредена група на купувачи. Но, исто така, значи и преземање ризик, вложување труд за да се успее на пазарот, што го потврдија 78% од испитаниците. Структурата на понудени карактеристики на претприемништвото е прилично различна, а добиените податоци укажуваат дека младите Роми имаат познавања за значењето но, сепак се наметнува потребата од продлбочување на нивните знаења за различни аспекти од претприемништвото.

Познавањето на значењето на претприемништвото не значи дека младите Роми ќе станат успешни претприемачи. Нив им е потребно да станат свесни и да ги знаат бариерите со кои се соочуваат претприемачите. На тврдењето кои се бариерите со кои се соочуваат младите Роми при започнување на сопствен бизнис ги дадоа следните одговори: 100% од испитаниците потполно се согласуваат дека една од бариерите со кои се соочуваат е недостатокот на финансии. Со оваа бариера се соочуваат не само младите Роми, кои сакаат да започнат сопствен бизнис, туку речиси сите кои започнуваат приватен бизнис. Исто така, како бариера со која се соочуваат испитаниците беше истакнат и недостигот на специфични вештини, при што потполно се

согласуваат 53% од испитаниците и 47% од испитаниците се согласуваат. Ова упатува на фактот дека вкупниот број на испитаници сметаат дека е потребно поседување на специфични вештини во дејноста во која започнуваат сопствен бизнис. Покрај специфичните вештини, како бариера го идентификуваат и недостигот на бизнис вештини, со што потполно се согласуваат 44% од испитаниците и 56% се согласуваат со ова тврдење.

Анкетираните испитаници вклучени во истражувањето на семејните обврски, неможноста да се работи (инвалидитет, возраст и др.) и проблемите со електрично напојување, снабдување со вода, во најголем процент имаат неутрално мислење, што укажува на тоа дека не би можеле да се вбројат во бариери кои ги попречуваат младите Роми да размислуваат за започнување со сопствен бизнис. Клучните бариери кои треба да се надминат се однесуваат на финансиите и вештините за започнување и водење на бизнис. Имено, фокусот на вештините ја наметнува потребата од идентификување на потребните компетенции кои младите Роми треба да ги поседуваат за да може успешно да се снајдат при започнувањето и водењето на сопствен бизнис. Со цел да се добие одговор на прашањето кои се потребните вештини и компетенции на младите Роми за започнување на сопствен бизнис, 89% од испитаниците потполно се согласуваат дека им е потребно познавање на работа со компјутер и странски јазик. Ваквото тврдење се поткрепува и со согласувањето на уште 11% од испитаниците. Во однос на изучувањето на занаетите, 98% од испитаниците сметаат дека е важно да се познаваат занаети, особено во комерцијалните услуги. Исто така, 84% од испитаниците се согласуваат дека им се потребни и обуки за грантови, бидејќи на тој начин ќе може да се обучат како да добиваат финансии со кои ќе може да го финансираат започнувањето на сопствен бизнис. Понатаму, 96% од испитаниците се согласуваат дека е значајно да се поседува возачка дозвола. Формалното образование 94%, поттикнување на претприемачкиот начин на размислување 85% и развојот на презентерски вештини 80%, според мислењата на испитаниците, се идентификувани како вештини и компетенции кои им се важни при започнувањето на сопствен бизнис.

Ваквите сознанија укажуваат на фактот дека од особено значење за младите Роми е да поседуваат и формално образование и неформално образование, што ќе им овозможи да ги продлабочат нивните знаења за започнувањето и водењето на бизнис и на тој начин ќе може да се вклучат во општествено- економскиот живот и развојот на заедницата во која живеат.

На прашањето за познавањето на изворите на финансирање кои ќе им помогнат на младите Роми при започнувањето на сопствен бизнис, од добиените

резултати може да се види дека кога станува збор за заеми од државата односно општината, 73% од испитаниците не се согласуваат дека може ваквите заеми да бидат извор на финансии за бизнисот кој би го започнале. Исто така, голем процент од испитаниците 78% не се согласуваат дека пријателите, семејството 71% и личната заштеда 67% може да претставуваат сериозен извор на финансии. Ова е логична последица ако се има предвид материјалната состојба кај оваа група на граѓани. Најголем процент од испитаниците се согласуваат дека банките 94% и донации/грантови 93% треба да бидат основни извори на финансии за нивните бизниси. Од сето ова може да се заклучи дека младите Роми најповеќе веруваат во конвенционалните извори на финансирање на бизнисите. Оттука, фокусот овде треба да биде насочен кон зголемување на финансиската писменост кај младите Роми и стекнување на специфични знаења за користење на конвенционалните извори на финансирање.

Имајќи ги во предвид добиените резултати од истражувањето, заклучоците и препораките треба да се движат во насока на системско-стратегиска поддршка на оваа група на млади луѓе.

Најголем процент од младите Роми кои се на возраст од 18-29 години и живеат во општина Битола се невработени. Според тоа, еден од начините да се реши овој проблем за оваа група на млади луѓе е актуелизирање на претприемништвото и социјалното претприемништво, преку активно учество на општината Битола. Оваа група на млади луѓе покажуваат задоволителен степен на интерес за претприемништвото.

Основни мотиватори за започнување на сопствен бизнис се: повисока плата и заработувачка, решавање на егзистенцијалното прашање и социо-економско интегрирање во заедницата. Но, покрај мотивите за започнување на сопствен бизнис постојат и демотивирачки фактори да се впуштат во водите на претприемништвото. Три основни демотиватори кои ги спречуваат младите Роми да започнат сопствен бизнис се: отежнат пристап до финансии, недоволно самодоверба и знаење за реализација на идеите и нестабилна бизнис клима во државата. Најпривлечна дејност за нив се комерцијалните услуги. Но, оваа група на млади луѓе имаат потреба од институционална поддршка за да може да се едуцираат во делот на финансиите, даноците, програмите и мерките за започнување на сопствен бизнис, преку ефективна комуникација со релевантните институции. На овој начин се зголемуваат шансите да се изгради претприемничка култура кај младите Роми. За нив претприемништвото значи реализација на нова бизнис идеја, отворање на нов ресторан, продавница, излез од сиромаштијата, вложување на труд, напор и време за да се заработи профит. Во таа насока, познавањата на претприемништвото им се површински и се

наметнува потребата од продлабочување на постојните знаења. Ваквите продлабочени знаења од областа на претприемништвото заедно со развојот на презентерски вештини, познавањето на работа со компјутери, познавањето странски јазици, изучување на занаети и сл., ќе им овозможат да најдат подобри начини за успешно надминување на бариерите. Кога станува збор за изворите на финансирање, најмногу им веруваат на банките и грантовите/донациите. Исто така, се наметнува потребата од креирање на политики, платформи, стратегии и плански документи во кои младите Роми ќе бидат значаен фактор, за да може да се зголеми нивната свесност за започнување на сопствен бизнис, како можност за решавање на горливиот проблем со неварботеноста.

Ова, во крајна линија значи актуелизација на претприемништвото и социјалното претприемништво како современи и актуелни области кои ќе го обработуваат младинското претприемништво.

# 5. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Претприемништвото како концепт датира од многу одамна. Сепак, се чини дека во современиот живот, како последица на динамичните промени предизвикани од процесот на глобализација и развојот на информатичко-комуникациските технологии, тоа станува многу актуелно како специфична деловна и развојна филозофија, односно како начин на живеење и работење. Претприемништвото ја развива креативноста, го поттикнува генерирањето на идеи и ги збогатува човековите потреби. Претприемништвото не е ниту наука ниту уметност, туку станува збор за практика заснована на знаење, тоа е засновано на потребата за континуирани промени, преку реализација на деловни активности. Во основа на претприемништвото, се наоѓа претприемачот, чија основна цел е да создаде нова вредност преку алокација на потребните ресурси за реализација на бизнис идејата. Ако се анализираат дефинициите на бројните автори, ќе се види дека основата на претприемништвото ја сочинуваат: идентификувањето на можности, преземањето иницијативи, прифаќање на ризикот и неуспехот, и алокација на потребните ресурси. Всушност, тоа овозможува на претприемништвото да се гледа како на „мултидимензионална рамка" што ги опфаќа: опкружувањето, индивидуалецот, процесот и организацијата на ресурсите. Претприемништвото претставува динамичен процес на создавање на вредност, а вредноста се создава од страна на поединци преку искористување на ресурсите, преземање ризик и посветување на потребното време и напор. Во основа на претприемништвото се наоѓа претприемачот како личност која иновира односно започнува бизнис без разлика на постојните ресурси кои ги поседува.

Денес, се повеќе напорите се фокусираат кон развој и поттикнување на претприемништвото и претприемничкото размислување поради фактот што претставува основен двигател на економскиот развој на секоја земја. Истото важи и за Република Македонија. На национално и на локално ниво сè повеќе станува актуелно прашањето за претприемништвото и поттикнувањето на претприемачкиот дух посебно кај младите луѓе. Не изостанува ниту пак актуелизирањето на социјалното претприемништво во чија основа не лежи создавањето профит само по себе, туку и создавањето вредност кај ранливите категории на граѓани. Во тој контекст, стратешкиот документ, чија целна група се младите Роми од општина Битола, вклучува приоритетни области и мерки, каде акцентот е ставен на градење силна свест кај оваа маргинализирана група за претприемништвото и претприемачкото учење, градење на култура ориентирана кон поддршка на претприемништвото и иновациите, како и институционална поддршка за да можат овие млади луѓе да станат конкурентни

на пазарот на труд и да можат да ја изградат својата иднина без разлика на нивната кариерна и професионална определба.

Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола опфаќа три приоритетни области и тоа:

1. **Приоритетна област 1**: Креирање на колаборативна средина за развој на претприемништвото кај младите Роми;

2. **Приоритетна област 2:** Развој на можности за претприемачко учење кај младите Роми; и

3. **Приоритетна област 3**: Иницијативи за подигнување на свеста за претприемништво кај младите Роми.

Секоја од наведените приоритетни области е составена од предлог мерки и тоа:

## *5.1. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1*

**1.** Креирање на колаборативна средина за развој на претприемништвото кај младите Роми;

**Предлог мерка 1:** Да се развијат механизми за координирано разменување на информации меѓу засегнатите страни за зголемување на нивното активно учество (е-платформа и активности за вмрежување).

**Предлог мерка 2:** Да се формира координативно тело кое ќе се занимава со подигнување на претприемачката свест и култура кај младите Роми.

## *5.2. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2*

**2.** Развој на можности за претприемачко учење кај младите Роми;

**Предлог мерка 1:** Да се развие тренинг модул за социјално претприемништво кај млади Роми.

**Предлог мерка 2**: Да се изработи менторска програма и професионално советување на млади Роми и нивните родители.

**Предлог мерка 3**: Да се организираат обуки за претприемачки вештини и водење бизнис кај младите Роми.

## *5.3. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3*

**3.** Иницијативи за подигнување на свеста за претприемништво кај младите Роми

**Предлог мерка 1:** Да се преземат меѓуинституционални иницијативи за поддршка на млади претприемачи Роми.

**Предлог мерка 2:** Поттикнување и поддршка на граѓански иницијативи за зголемување на свеста за претприемништво кај младите Роми.

**Предлог мерка 3:** Да се воспостават и интегрираат добри практики како натпревари, презентирање на успешни приказни, промоции, настани поврзани со претприемништво и претприемачко учење, волонтирање.

Наведените приоритетни области и предлог мерки се претставени во табелата 1 што следи, додека нивната детална операционализација е дадена во точка 7 (Акцискиот план).

## Табела 1. АКТИВНО УЧЕСТВО ВО НАМАЛУВАЊЕ НА МЛАДИНСКАТА НЕВРАБОТЕНОСТ КАЈ РОМИТЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

**Генерална цел:** Подобрување на социјално-економската положба на младите Роми во општина Битола преку едукација за претприемништво и поттикнување на претприемачкиот дух.

### ПРИОРЕТНА ОБЛАСТ 1
Креирање на колаборативна средина за развој на претприемништвото кај младите Роми.

**Предлог мерка 1.1.**
Механизми за координирано разменување на информации меѓу засегнатите страни за зголемување на нивното активно учество (е-платформа и активности за вмрежување).

**Предлог мерка 1.2**
Формирање на координативно тело со фокус кон подигнување на претприемачката свест и култура кај младите Роми.

### ПРИОРЕТНА ОБЛАСТ 2
Развој на можности за претприемачко учење кај младите Роми.

**Предлог мерка 2.1.**
Развој на тренинг модул за социјално претприемништво кај

**Предлог мерка 2.2**
Изработка на менторска програма и професионално советување на млади Роми и нивните родители.

**Предлог мерка 2.3**
Да се организираат обуки за претприемачки вештини и водење бизнис кај младите Роми.

### ПРИОРЕТНА ОБЛАСТ 3
Иницијативи за подигнување на свеста за претприемништво кај младите Роми преку институционална соработка.

**Предлог мерка 3.1.**
Преземање на меѓуинституционални

Предлог мерка 3.2.
Поттикнување и поддршка на граѓански иницијативи за зголемување на свеста за претприемништво кај младите Роми.

**Предлог мерка 3.3 .**
Да се воспостават и интегрираат добри практики како натпревари, презентирање на успешни приказни, промоции, настани поврзани со претприемништво и претприемачко учење, волонтирање.

# 6. СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА

Клучната одговорност за следењето на напредокот при имплементацијата на Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола, како и стратегиските цели предвидени во Акциониот план ќе ја има меѓу-секторската група. Имплементацијата на истата ќе се мери годишно, започнувајќи од почетокот на реализацијата на Акцискиот план. [8]Меѓусекторската група ќе има координација на предвидените активности, подготвување на извештаи, собирање и анализа на добиените податоци кои се во корелација со клучните показатели. На тој начин ќе се има увид во недостатоците и предизвиците на Локалната стратегија кои ќе претставуваат основа за континуирано подобрување на решенијата за намалување на невработеноста кај младите Роми во општина Битола.

Овој стратешки документ не е статичен, туку напротив, е динамичен и флексибилен, и истиот подлежи на континуирани проверки и оценување за неговата успешност при имплементацијта. Проверките овозможуваат да се задржи систематскиот пристап и континуираното подобрување во решавањето на проблемот со невработеноста на оваа ранлива категорија на млади луѓе кои живеат во општина Битола. Локалните власти треба да генерираат важни ресурси и капацитети за спроведување на активностите предвидени со Локалната стратегија за намалување на невработеноста на младите Роми преку претприменииштво во општина Битола. Еден од важните предизвици на општина Битола е усвојувањето на стратешкиот документ во оваа област, каде приоритетите се утврдени во соработка со претставници на ромската популација. Општината, исто така, игра клучна улога во спроведувањето на повеќето мерки и активности предвидени со Локалната стратегија, а кои се однесуваат на решавање на проблемот со невработеноста. Со зголемувањето на надлежностите на локалните власти во рамките на децентрализацијата и територијална администрација, се предвидува тесна соработка со засегнатите страни за спроведување на планот во акција.

[8]Меѓусекторската група ќе биде составена од претставници на општина Битола, Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола, Агенција за вработување Битола, претставници од бизнис секторот, претставници од граѓанскиот сектор.

# 7. АКЦИСКИ ПЛАН

**Приоритетна област 1:** Креирање на колаборативна средина за развој на претприемништвото кај младите Роми

| **Предлог мерка 1.1.** | **Активности** | **Исход/ резултат** | **Надлежни институции** | **Време на реализација** | **Интикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се развијат механизми за координирано разменување на информации меѓу засегнатите страни за зголемување на нивното активно учество (е-платформа и активности за вмрежување). | Креирање на е-платформа; Активности на вмрежување на младите Роми со други партнерски НВО и институции; | Координирано разменување на информации и поголема информираност на младите Роми; | Граѓански организации и институции | 2018-2019 | Зголемен број на информирани млади Роми за можностите за вработување/ самовработување и обука. |
| **Предлог мерка 1.2.** Да се формира координативно тело кое ќе се занимава со подигнување на претприемачката свест и култура кај младите Роми. | Основање на координативното тело; Состаноци на координативното тело; Креирање на програма за работа; | Да се вклучат сите засегнати страни во процесот на поттикнување и развој на претприемништвото кај младите Роми; | Граѓански организации и институции | 2018 | Обезбедување поддршка на младите Роми за вработување/ самовработување. |

**Приоритетна област 2:** Развој на можности за претприемачко учење кај младите Роми;

| **Предлог мерка** | **Активности** | **Исход/ резултат** | **Надлежни институции** | **Време на реализација** | **Интикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предлог мерка 2.1.** Да се развие тренинг модул за социјално претприемништво кај младите Роми. | Креирање програма за социјално претприемништво за млади Роми соодветна на нивните потреби; | Вклучување на младите Роми во креирањето на тренинг модлулите; | Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, Агенција за вработување и граѓански организации | 2018 | Број на млади Роми со компетенции за претприемачко учење; |
| **Предлог мерка 2.2.** Да се изработи менторска програма и професионалню советување на млади Роми и нивните родители. | Професионално и кариерно советување на младите Роми; | Зголемување на свеста за значењето на професијата и кариерата за семејствата на младите Роми; | Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, Агенција за вработување и граѓански организации | 2019 | Број на млади Роми кои професионално и кариерно се усовршуваат; |
| **Предлог мерка 2.3.** Да се организираат обуки за претприемачки вештини и водење бизнис кај младите Роми. | Обуки за меки вештини, обуки за лидерство и обуки за бизнис план; | Збогатување на знаењата и вештините за претприемништво и претприемачко учење; | Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, Агенција за вработување, граѓански организации | 2019-2020 | Број на оспособени млади Роми со знаење и вештини за претприемачко учење; |

**Приоритетна област 3:** Иницијативи за подигнување на свеста за претприемништво кај младите Роми;

| **Предлог мерка 3.1.** Да се преземат меѓуинституционални иницијативи за поддршка на млади претприемачи Роми. | **Активности** Организирање работилници, информативни и едукативни средби, денови на претприемниш-тво, формирање кариерни центри; | **Исход/ резултат** Запознавање на младите Роми со разни законски регулативи, програми, грантови и проекти; | **Надлежни институции** Локална самоуправа на општина Битола, Агенција за вработување, Регионална стопанска комора | **Време на реализација** 2018 | **Интикатори** Број на млади Роми кои аплицирале за добивање грант или за учество во програми и проекти поврзани со отворање нови бизниси; |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предлог мерка 3.2.** Поттикнување и поддршка на граѓански иницијативи за зголемување на свеста за претприемништво-кај младите Роми. | Организирање на трибини, семинари, јавни дебати за важноста на претприемниш-твото од страна на граѓански организации. | Зголемување на свеста за значењето и разликите меѓу претприемниш-твото и социјалното претприемништво кај младите Роми; | Граѓански организации | 2018-2020 | Број на млади Роми кои учествувале во граѓански иницијативи, настани, семинари и обуки за претприемништво организирани од граѓански организации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предлог мерка 3.3**<br>Да се воспостават и интегрираат добри практики како натпревари, презентирање на успешни приказни, промоции, настани поврзани со претприемништво и претприемачко учење, волонтирање. | Организирање натпревари за изработка на успешен бизнис план, студија на случај, волонтерски ангажмани во приватни, јавни и граѓански организации; | Збогатување на знаењата и вештините за презентирање и стекнување искуство од волонтерскиот ангажман; | Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, приватни, јавни и граѓански организации, Регионална стопанска комора | 2018-2020 | Број на млади Роми кои учествувале во натревари за изработка на бизнис планови, студии на случај, како и млади Роми кои волонтирале во различни организации. |

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Агенција за вработување на Република Македонија (корисник), Поддршка за врабтување на млади лица, долгорочно невработени и жени, 25.11.2010;
2. Влада на Република Македонија, Стратегија за конкурентност со акционен план на Република Македонија 2016-2020, Скопје, јануари 2016;
3. Закон за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност (пречистен текст), Службен весник на Р. Македонија, бр.112 од 25.07.2014 година, преземен од www.pravo.org.mk; 4. Нил О' Хигинс, Ромите и вработувањето во Република Македонија, Скопје, јануари 2014;
5. Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија во соработка со националниот координатор на декадата и стратегијата за роми, Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, Скопје, јуни 2014;
6. Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020, Скопје, октомври 2015;
7. Министерство за образование и наука на Република Македонија со поддршка на Европската фондација за обука, Стратегијата за претприемачко учење во Република Македонија 2014-2020, Скопје, ноември 2014;
8. Општина Битола, Стратегија за локален развој на општина Битола 2014-2018, Битола, март 2014;
9. The World Bank, Reducing Vulnerability and Promoting the Self-Employment of Roma in Eastern Europe Through Financial Inclusion, 4 September, 20

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

**Проект:**

**,,Активно учество во намалување на младинската невработеност кај Ромите во општина Битола"**

**Партнери:**

**Младински културен центар – Битола**

**Баирска светлина**

**Подготовка:**

**Моника Марковска**

**Божидар Миленковски**

**Контакт:**

**Младински културен центар – Битола**

**ул. Цар Самоил 29, 7000 Битола**

**www.mkcbt.org.mk**

**e-mail: mkcbt@t.mk**

**тел: 047/ 233 - 020**

**Број на примероци:**

**200**

**Проектот е финансиран од Европската унија.**